ОПШТИНА БИТОЛА

Согласно Програмата за култура за 2026 година, усвоена со Одлука на Совет на општина Битола, Бр.09-137/16 усвоена на 29.12.2025 година,

**Општина Битола**
**објавува**
**Јавен повик за поддршка на програмски активности и настани на културно уметнички друштва**

Со цел збогатување на фолклорот, негова поголема афирмација, афирмација на Општината преку промоција на традицијата и поголема вклученост на младите кои ќе ја негуваат традицијата и културата во нашиот град, Општина Битола и оваа година во Програмата за култура за 2026 година има предвидено и поддршка на програмски активности и настани на културно уметничките друштва.

**Предмет на јавниот повик** – кофинансирање на програмски активности и настани, презентирање, афирмирање, зачувување и пренесување на материјалното и нематеријалното културно наследство.

Вкупниот износ на средства кои се предвидени со овој повик е 1.450.000,00 денари.
Програмските активности и настани треба да се реализираат заклучно со 31.12.2026 год.

**Право на учество на јавниот повик** имаат сите Културно Уметнички Друштва (здруженија на граѓани од областа на фолклорот) со седиште во Општина Битола, на кои што основни цели и задачи им се афирмирање, омасовување и развој на традицијата, формирање на секции и групи за изучување, негување, развивање, унапредување и презентирање на фолклорните добра.

**Потребни документи за пријавување:**
- Копија од Решение за регистрација
- Копија од Тековна состојба од Централен регистар не постара од 3 месеци
- Пропратно писмо (пријава) за учество на јавниот повик
- Пополнет образец за утврдување на фактичката состојба во културно уметничките друштва
- Изјава од овластено лице на апликантот дека до Општина Битола ќе се достават наративен и финансиски извештај со фотографии и докази за добиените финансиски средства од Општина Битола (договори за дело, копии од фактури, фискални сметки со сметкопотврди, налози за плаќање од банка, изводи), заверена на нотар (во оригинал)

**Критериуми за оценување на проектите:**
- Број на членови (над 300 = **15 бода** над 200 = **10 бода** над 100 = **5 бода** под 100 = **0 бода**) **15 бода**
- Фонд на народни носии со кои располага Друштвото/ансамблот **10 бода**
- Оркестар со кој што располага Друштвото/ансамблот (традиционален **5 бода** и народен или чалгиски **5 бода**) максимум **10 бода**
- Музички инструменти кои се во сопственост на Друштвото/ансамблот (секој инструмент **1 бод**) максимум **10 бода**
- Репертоар со кој располага Друштвото/ансамблот (традиционален **5 бода** и стилизиран **5 бода**) **10 бода**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 347 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

- Професионална екипираност (стручен кадар, Етнолог, Етнокореолог, Етномузиколог), капацитети и можности за реализација на програмските активности и настаните (секој стручен кадар носи по **2 бода**) **10 бода**
- Целовечерни концерти и настапи во предходната година (секој концерт **3 бода**) максимум **15 бода**
- Учество на фолклорни фестивали во Државата и странство (учество на реномирани фестивали **2 бода**, сите останати **1 бод**) максимум **10 бода**
- Години на постоење (над 50 години **10 бода**, над 30 години **6 бода**, над 20 години **5 бода**, над 10 години **2 бод**, под 10 години **0 бода**) максимум **10 бода**

Висината на износот со кој финансиски ќе бидат поддржани културно умтничките друштва ќе биде одлука на комисијата, согласно извршеното бодување по горенаведените критериуми и докази. Одобрените финансиски средства ќе бидат исплатени 70 % веднаш по потпишувањето на договор, а додека 30 % ќе бидат исплатени по доставениот финансиски извештај, најдоцна до 10.12.2026.

Образецот за утврдување на фактичката состојба мора да биде пополнет на компјутер (пријави напишани на рака нема да бидат прифатени) и да биде поднесен на македонски јазик. Образецот е достапен на веб страницата на Општина Битола **www.bitola.gov.mk**

Повикот трае од 02.04..2026 до 17.04.2026 до 15.30 часот.

Краен рок за поднесување на пријавите со прилозите во 1 (еден) примерок е до петок 17.04.2025 год. до 15.30 часот. Пријавите со прилозите кои се поднесени лично, преку пошта или курирска служба мора да бидат доставени на следнава адреса: Општина Битола, Булевар 1 Мај бр.61 Битола, со назнака за „Јавен повик за поддршка на програмски активности и настани на културно уметнички друштва"

Ненавремена, нецелосна и неуредна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

Одлуката на Комисијата за евалуација е конечна.

Апликантите коишто имаат забелешки на процесот или оценувањето, може да поднесат барање за појаснување до Општина Битола, кое мора да биде во пишана форма, во рок од 10 дена по известувањата за доделени средства, а треба да се поднесе во Архивата на Општина Битола или на електронската адреса culture@bitola.gov.mk

Телефон за контакт 047 208 347

Бр.08 -450/1
01.04.2026

Општина Битола
Градоначалник
Тони Коњановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА БИТОЛА